# ОБРАБОТКА НА ТЕКСТОТ „ДРВЦЕ“

Стр.80

Наставник: Љумние Љама

- Прочитај го текстот неколку пати и пополни во тетратката ( направи анализа на текстот)

- 1. Каде се случува настанот :
- 2. Кога се случува настанот :
- 3. Тема:
- 4. Порака:
- 5 Ликови:
- 6.Слика:



**ДРВЦЕ**

Децата крај патот насадија дрвце. Тоа беше младо. Тоа убаво се фати и почна да расте.

Крај него помина едно момче. Скина еден лист, потоа го смачка и го фрли.

„Зошто го скинав листот“ – си помисли момчето, но веднаш се премисли и рече: „Ех, тоа не е ништо. Само еден лист! Дрвото има многу лисја“.

Помина друго момче. Тоа скрши едно гранче и помисли:

„Што е едно гранче? Дрвцето има четири!“

Потрча тука едно девојче со топка, ја фрли нагоре, а топката – бум право на дрвцето и му го скрши врвот.

Намина тука коза и му излупи парче од кората.

Застана велосипедист, го потпре велосипедот на дрвото, па и тој чепна малку од кората.

Помина дете со ново ноженце.

„Е сега ќе го пробам ноженцево!“ – си помисли.

Пресече едно гранче.

„Добро е, остро е!“

Но, дрвцето се исуши.

Кога дојдоа децата кои го насадија дрвцето, што да видат!

„Што е ова?“ – се чудеа тие. „Не сака да расте дрвцето. Сигурно земјава не е добра“.

**А. ПУШКИН**

## Задача:

**Прераскажи го текстот по даден план:**

- Децата покрај патот насадија дрвце.
- Дрвцето го уништија, децата кои не беа добри.
- Дрвцето се исуши.
- Децата што го насадија дрвцето се зачудиа, што и се случи на нашето дрвце.